Почитувани пријатели,

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) оваа година одбележува 25 години од основањето. Јубилеите се секогаш добар повод да погледнеме station наназад и да ги резимираме постигнувањата.

После 25 години, растежот и промените се воочливи. Промените се добри, особено ако водат кон добри резултати, а МЦМС има многу такви.

Почнувајќи од денес, во периодот што претстои, се до 14 декември, кога ќе го одбележиме роденденот, ќе ги споделиме со вас резултатите постигнати во претходниот четврт век работа.

Уште еднаш ќе се потсетиме на важните работи заради кои го доживеавме 25-тиот роденден и заради кои ќе продолжиме да работиме и придонесуваме во решавањето на новите важни работи кои ни престојат, не само на нас како организација туку и на македонското општество од кое сме дел.